АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Бр. 08-681/1
03.12.2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Друштвата за неживотно осигурување

Предмет: Циркуларен допис со мислење на Агенцијата за супервизија на осигурување во врска со неисполнување/исклучување на обврските на осигурувачот за надомест на штета по основ на осигурување од автомобилска одговорност во случај на сообраќајни незгоди во кои е предизвикана мала материјална штета за кои е пополнет Европски извештај за сообраќајна незгода, доколку еден од учесниците/возачите не поседувал возачка дозвола од соодветна категорија.

Почитувани,

Агенцијата за супервизија на осигурување изминатиов период прими претставки со идентична содржина, во кои корисници на осигурување се жалат на друштва за осигурување дека ги одбиле барањата за надомест на штета по основ на осигурување од автомобилска одговорност во случај на сообраќајна незгода со мала материјална штета, а за која како учесници во сообраќајна незгода пополниле Европски извештај за сообраќајна незгода, **од причини што еден од учесниците/возачите не поседувал возачка дозвола од соодветна категорија** (возачката дозвола му била истечена, еден од возачите поседувал странска возачка дозвола издадена од странска земја со која немаме Договор за реципрочно признавање на возачка дозвола и истиот не поседувал меѓународна возачка дозвола, возилото го управувал возач почетник со сила на моторот поголема од 77 kw и др.) .

Образложението на друштвата за осигурување во овие случаи е дека согласно член 220 став 1 алинеа 4, од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/2019, 302/2020 и 122/2021), доколку во сообраќајната незгода еден од учесниците/возачите не поседува возачка дозвола од соодветна категорија, не се исполнети условите за пополнување на Европски извештај за сообраќајна незгода, и во такви околности неопходно е да се извести Министерството за внатрешни работи, па од тие причини ги одбиваат барањата за надомест на штета како неосновани.

Агенцијата за супервизија на осигурување, смета дека и покрај факот што еден од учесниците/возачите не поседувал возачка дозвола од соодветна

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

категорија во смисла на одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (возачката дозвола му била истечена, еден од возачите поседувал странска возачка дозвола издадена од странска земја со која немаме Договор за реципрочно признавање на возачка дозвола и истиот не поседувал меѓународна возачка дозвола, возилото го управувал возач почетник со сила на моторот поголема од 77 kw и сл), **доколку истиот не бил виновен односно причинител на сообраќајната незгода, и притоа не постоела никаква причинско-последична врска со околностите поради кои осигуреникот би ги изгубил правата од осигурување, согласно позитивната законска регулатива друштвата за осигурување имаат обврска да ги исплатат барањата за надомест на штета по основ на осигурување од автомобилска одговорност за кои од страна на учесниците во сообраќајната незгода со мала материјална штета бил пополнет Европски извештај за сообраќајна незгода.**

Агенцијата за супервизија на осигурување укажува дека друштвата за осигурување кои одбиле да исплатат надомест на штета од горенаведените причини во иднина при решавање на истите да го почитуваат ставот на Агенцијата и соодветно да ги надоместат барателите на истите.

Со почит,

Претседател на Советот на експерти,
Крсте Шајноски

Испратено до друштвата за осигурување: АДОР Македонија ВИГ Скопје, АД за осигурување Триглав Скопје, АД за осигурување Сава Скопје, АД Евроинс осигурување Скопје, АД за осигурување Еуролинк Скопје, АД за осигурување Винер ВИГ Скопје, АД за осигурување Граве неживот Скопје, АД за осигурување Уника Скопје, НГО Осигурителна Полиса АД Скопје, Халк осигурување АД Скопје, Кроација неживотно осигурување АД Скопје